РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН
БР 09-2132/1
01. 10. 2024 ГОД
РЕСЕН

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр5/2002 ), член 2 став 4 од Правилникот за заштитено внатрешно пријавување во институциите на јавниот сектор (Службен весник на РМ 46/2016) Градоначалникот на Општина Ресен го донесе следното

# УПАТСТВО

за прием на пријави од укажувачи и обработка на податоците од пријавите и обезбедување на заштита на личните и другите податоци на укажувачите

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со ова упатство се пропишува заштитеното внатрешно пријавување во Општина Ресен, начинот и постапката за прием на пријави од укажувачи.

### Член 2

Лица кои можат да се јават во својство на укажувачи се:

- лице кое има засновано работен однос на неопределено или определено време во општината;
- кандидат за вработување, кандидат за волонтер или практикант во општината
- лице кое е или било волонтер или практикант во општината
- лице кое по било кој основ е или било ангажирано за извршување на работа од општината;
- лице кои по било кој основ е или било во деловен однос или друг однос на соработка со општината;
- лице кое користи или користело услуги во општината

**Член 3**

Укажувачот заштитеното внатрешно пријавување го врши до лицето овластено за заштитено внатрешно пријавување на Општина Ресен. Овластеното лице за заштитено внатрешно пријавување врши прием и заведување на пријавата, нејзина проценка, проследување на пријавата до службеното лице ви општината или надлежната институција, изготвува известување до подносителот и врши нејзино архивирање.

## НАЧИН НА ПРИЈАВУВАЊЕ И ПОСТАПКА ПО ПРИЈАВИ ОД УКАЖУВАЧИ

**Член 4**

Овластеното лице на општината врши прием на пријави доставени директно до него од укажувач заради заштитено внатрешно пријавување согласно закон и тоа:

-поединечно или групно

-во писмена форма доставени лично или преку пошта

-преку електронско форма

-усно на записник.

**Член 5**

Доколку пријавата е добиена усно, овластеното лице на општината составува записник во кој се содржани следните податоци:

а) податоци за укажувачот:

- име и презиме,

- категорија на лице кое согласно Законот за заштита на укажувачи може да се јави во својство на укажувач,

- барање од укажувачот да остане доверлив и степенот до кој тоа го бара;

б) податоци за лицето односно субјектот против кој укажувачот пријавува;

в) опис на казниво или друго незаконито и недозволиво постапување со кое се повредува или загрозува јавниот интерес;

г) предложени од укажувачот начин и форма на комуникација помеѓу овластеното лице на општината и укажувачот;

д) прилози;

ѓ) датум и место на прием на пријавата;

Совпаѓањето на податоците од усната пријава во содржината на записникот се потврдува со личен потпис на укажувачот и овластеното лице за прием на пријави на општината доставени заради заштитено надворешно пријавување. Записникот се заведува како примена пријава.

**Член 6**

Доколку пријавата е доставена во електронска форма на носач на електронски запис односно по електронски пат, овластеното лице на општината го печати записот кој одговара на пријава според содржината, и испечатеното со попишани прилози добиени во форма на електронски записи го заведува како примена пријава.

**Член 7**

Заведувањето на примените пријави овластеното лице на општината го врши со ставање посебен приемен штембил и евидентирање во посебниот деловодник.

**Член 8**

Овластеното лице на општината по приемот ја заведува пријавата со сите прилози, ја разгледува, ја проучува нејзината содржина и постапува согласно закон.

Доколку овластеното лице на општината утврди дека примениот документ односно запис не претставува односно не се однесува на пријава од укажувач, веднаш во предметот става забелешка која ја евидентира во посебниот деловодник.

**Член 9**

По приемот и заведувањето на пријавата овластеното лице на општината без одлагање врши проценка на содржината на пријавата за да утврди дали истата е логична и разумна, дали претставува пријава од укажувач согласно Законот за заштита на укажувачи како и дали пријавата содржи доволно елементи за да биде проследена за понатамошно постапување.

Во вршењето на проценката, овластеното лице на општината може да побара дополнителни информации од укажувачот доколку е познат и да се консултира со други лица, а притоа внимава на заштитата на идентитетот на укажувачот.

**Член 10**

По извршување на проценката од овластеното лице на општината, се донесуваат заклучоци за понатамошно постапување по пријавата кои се однесуваат на надлежноста односно ненадлежноста за постапување на општината каде е назначено и потребното преземање мерки за постапување по пријавата.

По примената пријава што е упатена до општината за која по проценката на овластеното лице на општината се утврди дека истата е логична, разумна и содржи доволно елементи за понатамошно постапување, овластеното лице на општината презема мерки во своја надлежност за постапување по пријавата односно ја проследува пријавата до службеното лице во општината надлежно за постапување во областа на која се однесува пријавата, откако претходно од пријавата ќе ги издвои личните податоци и податоците кои

може да го разоткријат идентитетот на укажувачот доколку укажувачот барал да остане доверлив.

Ако општината не е надлежна да постапува во врска со пријавувањето, ќе ја проследи информацијата до надлежен орган во рок од 8 дена од денот на приемот и за тоа истовремено ќе го извести пријавувачот.

**Член 11**

Овластеното лице на општината на барање на укажувачот го известува за текот и дејствијата кои се преземени во постапувањето по пријавата и му овозможува на укажувачот да изврши увид во списите на предметот оформен врз основа на неговата пријава согласно закон.

Доколку овозможувањето на увидот односно пристапот до информациите во врска со постапувањето по пријавата може да има штетни последици за текот на постапката, овластеното лице на општината ги одделува тие информации и за тоа го известува укажувачот и му овозможува увид во останатиот дел во содржината на известувањето односно во останатиот дел од списите на предметот.

**Член 12**

Заштитеното пријавување укажувачот може да врши и со пријавување до Министерството за внатрешни работи, надлежното Јавно Обвинителство, Државната Комисија за спречување на корупција, Народниот Правобраните на Република Македонија и други надлежни институции односно правни лица доколку

-Внатрешното пријавување е непосредно и посредно насочено спрема Градоначалникот на Општината

-Укажувачот не добие информација од општината за превземените мерки во рок од 15 дена приемот на пријавата

-Доколку не се превземени мерки по пријавата,укажувачот не е задоволен од одговорот или поради постоење на било каков вид на повредана право на укажувачот и на членовите на неговото семејство, заради извршеното пријавување.

## ИЗДВОЈУВАЊЕ И ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИТЕ ОД ПРИЈАВИТЕ

**Член 13**

Заради обезбедување тајност и заштита на личните и други податоци кои се примаати обработуваат од страна на овластеното лице на општината , согласно прописите за заштита на личните податоци и прописите за заштита на класифицирани информации, обезбедува и применува соодветни технички и организациски мерки за заштита на податоците од случајно или незаконско нивно уништување, или нивно случајно губење, преправање, неовластено откривање или пристап, особено кога обработката вклучува пренос на податоци преку мрежа и заштита од какви било незаконски облици наобработка.

## ЗАШТИТА НА УКАЖУВАЧИТЕ

**Член 14**

На укажувачот и на нему блиско лице им се обезбедува заштита од било каков вид на повреда на право или штетно дејствие или опасност од настапување на штетни дејствија заради извршеното заштитено внатрешно и надворешно пријавување или заштитено јавно пријавување. Заштитата се обезбедува од страна на општината, каде е извршено пријавување со преземање дејствие да се спречи повреда на правата од работен однос или на кое било право и воздржување од дејствија со кои се повредува или загрозува било кое право на укажувачот заради извршеното пријавување.

Доколку не е обезбедена заштита, укажувачот за ова пријавува во Државната комисија за спречување на корупцијата, Народниот правобранител на Република Македонија, Инспекцискиот совет, Министерството за внатрешни работи и до Јавното обвинителство на Република Македонија, кои по пријавата без одлагање постапуваат

согласно со своите надлежности. Правото на заштитата од овој член се проширува да ги опфати и лицата кои ќе сторат веројатно дека оној кој е пријавен може да се сомнева дека извршиле пријавување против него.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 15

Овластеното лице на Општина Ресен изготвува полугодишен извештај за примени пријави од укажувачи кој содржи општи статистички податоци и податоци за оформени предмети по примени пријави кои ги доставува до Државна Комисија за спречување на корупција.

### Член 16

Ова упатство влегува во сила на денот на донесувањето и истото се објавува на веб страната на Општина Ресен.

**ОПШТИНА РЕСЕН**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**

**ЈОВАН ТОЗИЕВСКИ**